**20180210296**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2018 година.

Бр. 08-763/1
30 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ број 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16 и 190/16), по членот 64 се додава нов член 64-а, кој гласи:

„Известување на Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Член 64-а

По прием на кривична пријава или добиено сознание дека работник на Министерството со статус на полициски службеник или овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање со полициски овластувања извршил кривично дело при вршење на службено дејствие или извршил кривично дело вон службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност, Министерството без одлагање го известува Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на

организиран криминал и корупција. Министерството заедно со известувањето ги доставува до Одделението сите извори на сознанија за стореното кривично дело, сторителот и жртвата и други извори на информации со кои располага.“.

Член 2

Во Глава „X. ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ“, насловот на членот 184 се менува и гласи: „Причини за дисциплинска одговорност“.

Член 3

Во членот 184 став (7) се брише.

Член 4

По членот 184 се додаваат два нови члена 184-а и 184-б, кои гласат:

„Дисциплинска одговорност на работник по иницијатива на Народниот правобранител.

Член 184-а

Постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на работник во Министерството може да се поведе и по иницијатива покрената од Народниот правобранител.

Случаи кога дисциплинската одговорност не се исклучува.

Член 184-б

Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на работникот во Министерството.“.

Член 5

Во член 196 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) По исклучок од ставот (3) на овој член, во случај кога е известено Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција согласно со членот 64-а од овој закон, решението за изрекување на дисциплинска мерка за тој работник министерот е должен да го донесе во рок од 12 месеци од денот на приемот на одобрението на јавниот обвинител од Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, утврдено со посебен закон.“.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.